**Ново срце**

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година V. бр. 159. Дата: 14. 01. 2013.**

## ДЕВЕТТА И ДЕСЕТТА ЗАБЛУДА!

Пред празниците започнавме со серија „десет заблуди за христијанството“. Во овој број ги објавуваме последните две, кои се поврзани со светата книга на христијаните-Библијата.

### Заблуда бр.9: *„Настаните од Библијата се митови и легенди“.*



Двајца пријатели, верник и неверник, коментирале Библиски запис. Текстот зборувал за настанот кога Бог го разделил Црвеното море, за да поминат израелците, кои биле гонети од египетската војска.

Верникот го славел Бог за тоа големо чудо, а неверникот го оспорувал, велејќи: „Тоа не е можно; сигурно израелскиот народ поминал преку некој премин, каде што водата била само до колена“. Тогаш верникот прокоментирал: „Тогаш тоа навистина е чудо, бидејќи во тој случај целата фараонова војска се удавила во вода, која што била само до колена“.

Многумина сметаат дека Библиските настани, особено оние кои содржат чуда, се митови и легенди. Сепак, ако нешто не може да се објасни научно, не значи дека не се случило. Денеска, таквите појави ги нарекуваме феномени, но не го одрекуваме нивното постоење.

И Самиот Господ Исус, правеше чуда додека беше на земјата; оздравуваше болни, воскреснуваше мртви, одеше по вода, смируваше бура...

Важно е да се потенцира дека голем дел од библиските чуда, се случиле пред безброј очевидци, кои сведочат за нивното постоење. Апостол Петар пишува: „ ... *ние не одевме по лукаво измислени сказни, туку бевме очевидци на Неговото величество*“. **(1 Петр. 1:16)**

### Заблуда бр.10: *„Содржината на Библијата е изменета со текот на вековите.“*



Фактите зборуваат дека Библискиот текст останува непроменет до денес. Следниве аргументи зборуваат во прилог на непроменливоста на Библијата:

- Препишувањето на Библиските текстови се вршело со најголема сериозност, стравопочит и внимание. При препишувањето на секоја страница, се броеле редовите и буквите на страницата и ако копијата имала само една буква помалку или повеќе, страницата се уништувала и целиот процес започнувал одново.
- Огромниот број на рани Библиски ракописи, кои се запазени (околу 2.400 копии), се потврдуваат еден со друг. Само за споредба, од Аристел, Платон и Цезар, са запазени само околу 10 ракописи, па сепак никој не се сомнева во нивниот текст и веродостојност.
- Кога денешните, Библиски текстови ќе се споредат со најраните ракописи (кои денес се изложени во музеј, во Израел), повторно се потврдува дека нивната содржина останува непроменета. Суштината на зборовите се исти со оние во раните записи.
- Интернационалните Библиски здруженија, кои се состојат од јазични и теолошки експерти, постојано ги проверуваат Библиските преводи и ја гарантираат нивната веродостојност. Тоа значи дека може да и се верува и на „денешната“ Библија.

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**